**ЗАПИСНИК**
**од 4-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 05.02.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арџенд Џелили, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог-записник од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.01.2018 година.
2. Предлог-одлука за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување, на програмски сервис, музичко говорно радио од општ формат, на македонски јазик, на локално ниво.
3. Предлог-одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво Радио Мерлин ДООЕЛ Дебар.
4. Предлог-одлука за поведување постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација.
5. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Специјализирани обуки за ИТ.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Студија за утврдување

на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.

9. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот записник забележа дека има техничка грешка во датумот на одржување на седницата и предложи да се коригира.

Советот на Агенцијата со забелешката од г-дин Петрушевски со еден глас воздржан од г-дин Трајчев и 6 гласа „за" го усвои предложениот Записник од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.01.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи д-р Андриана Скерлев Чакар ја образложи предлог-одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување, на програмски сервис, музичко говорно радио од општ формат, на македонски јазик, на локално ниво. Објасни дека во АААВМУ пристигна Писмо за намери од заинтересирано лице Дејан Јанкоски од Струга за отворање на локална радиостаница во подрачјето на општина Струга. Посочи дека во ваков случај кога има барање за програмски сервис на терестријално радио што се емитува преку ограничен ресурс – радиофреквенција, дозволата ја доделува Агенцијата по пат на јавен конкурс. По повод доставеното барање Агенцијата се обрати до АЕК за информација дали има слободна фреквенција, при што од нивна страна беше доставен одговор дека врз основа на техничката анализа од страна на Секторот за радиокомуникации утврдени се начелни параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на општина Струга со податоци за радиофреквенција преку која ќе се емитува радиопрограмата на подрачјето на општина Струга и тоа 102.2 MHz Потоа следеше изработка на Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво на подрачјето на општина Струга. Сублимирани, наодите од оваа Студија покажаа дека постои оправданост и тоа за програмски сервис за музичко говорно радио од општ формат, на македонски јазик. Посочи дека сите останати информации поврзани со точката се дадени во прилог на материјалот. Од тие причини се доставува и предлогот до Советот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-34 од 01.02.2018 година и едногласно донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко говорно радио од општ формат, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Струга, кое ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија, и тоа: 102.2MHz, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата Одлуката да ја објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво Радио Мерлин ДООЕЛ Дебар. Објасни дека на една од претходните седници, Советот има донесено одлука за одземање на дозволата на РА Мерлин поради неплаќање на годишниот надоместок за радио емитување. Согласно процедурата, годишната фактура се сторнира бидејќи не е платена и му се доставува нова фактура на РА Мерлин само за оној период од 40 и некој ден односно онолку дена колку што работел. Таа фактура радиодифузерот ја плаќа, признава дека дозволата му е одземена и останува околу 100 денари должен и потоа се жали до Управен суд. Судот носи одлука дека се поништува одлуката на Советот на Агенцијата заради тоа што не се доставени сите потребни документи кои што му биле потребни на судот за да увиди дали постапката била спроведена согласно Законот. Агенцијата достави жалба и во прилог целокупната потребна документација и одговара на наводите на пресудата и исто така на Вишиот Управен суд му ја испраќа целокупната документација. Вишиот Управен суд повторно ја потврдува пресудата со образложение дека АААВМУ не ги има доставено сите потребни документи. Информира дека во врска со овој случај, остварен е состанок со адвокатот односно адвокатската канцеларија со која Агенцијата има склучено Договор за набавка на адвокатски услуги, со раководителката на Секторот за правни и економско финансиски работи д-р Андриана Скерлев Чакар и членот на Советот Лазар Трајчев и по дискусијата едно е јасно дека фактурата ја нема платено, во овој период откако ја има добиено пресудата воопшто се нема јавено ниту се има заинтересирано. Во оваа насока предлогот од адвокатот е повторно да му се одземе дозволата бидејќи фактурата за годишниот надоместок за дозволата за радио емитување ја нема платено и целата состојба е неизменета.

Г-дин Петрушевски праша дали како во другите случаи има дополнителен рок од 15 дена или процесот е веќе завршен?

Г-дин Трајчевски одговори дека во овој случај не следува никаков рок.

Г-дин Трајчев рече дека се работи за ситуација кога судот ја поништува одлуката од формални причини затоа што не е доставена документацијата, тоа се наводите на судот. Сега Советот треба да донесе одлука врз основа на фактите кои ги има. Формално правно состојбата е таква.

Г-дин Ајдини праша дали вкупниот износ на фактурата која треба РА Мерлин да ја плати изнесува 14.225,00 денари?

Г-дин Трајчевски одговори дека радиодифузерот имал обврска да плати 14.225,00 денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување, но не е платена.

Г-дин Фетаи, рече дека колку што разбрал во овој момент додека Советот држи седница, радиодифузерот е без дозвола а судот одлучил да им се врати дозволата. Дилемата му е дека не може двапати да се одземе иста дозвола. Еднаш Агенцијата како регулатор и Советот му ја одземале дозволата. Процесот со судот е друго што се води иако тие на Агенцијата и имаат наложено со правосилно решение. Дилемата му е во насока ако фактички и правно тие немаат дозвола од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги а Советот повторно одлучува да им ја одземе

дозволата? Инаку нема дилеми ако надоместокот не е платен постои законски основ за одземање на дозволата и за тоа нема дилеми бидејќи Советот има покритие за таквата одлука и дека не прави нешто арбитрарно што сака или не сака туку затоа што не го платил целосно надоместокот во време кога законот го обврзува. Образложи дека во таа насока е неговата дилема.

Г-дин Трајчевски одговори дека во моментот одлуката на Советот за одземање на дозволата е поништена. Состојбата се враќа како пред тоа, како да имаат дозвола во овој момент бидејќи одлуката на судот важи од кога е донесена. РА Мерлин теоретски има дозвола по сила на Закон, согласно судската пресуда.

Г-дин Фетаи рече бидејќи станува збор за сопственик со приватен бизнис и го има ова радио долго време, а Агенцијата контактира и комуницира долго време со радиодифузерите по разни основи. Од таа причина рече дека би го зел неговиот телефонски број да го праша за состојбата, бидејќи од една страна не го плаќа надоместокот од друга страна се жали по судови и да се види која е неговата идеја, кое е неговото размислување. Се троши време, финансиски средства за адвокати, судски рочишта а се работи за околу 14 илјади денари. Во оваа состојба рече дека неговата проценка е дека комуникацијата би била најсоодветна. Или пак би се одлучил да појде на терен на лице место и да се види во какви простории работи, што е во прашање, да ја види реалната состојба за да полесно донесе одлука.

Г-дин Трајчевски рече дека РА Мерлин не работи односно не емитува радио програма.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи д-р Андриана Скерлев Чакар објасни дека кога му се одземаше дозволата службата вложи многу напор да стапи во контакт со радиодифузерот иако доволно е да се прати препорачано по пошта со испратница и тој да потпише дека ја примил одлуката. Службата сепак ја испратила и на електронската адреса кој е доставен во Централен регистар и е официјален за комуникација и се смета за уредна достава, но и од тамо се врати мејлот. Исто така и колегите од економскиот сектор за плаќање му се јавуваа и многу обиди се направија Потоа барале и други начини и пронашле една електронска адреса и стапиле во контакт со него и му ја доставиле одлуката. Судот не го спори тоа бидејќи ја смета за уредна достава. Ги прашала колегите од техника кои и одговориле дека тој не зрачи во етерот. Наведе дека членовите на Советот во прилог ги имаат сите материјали. Во неколку наврати направени се консултации во Управен суд, со колегите од адвокатската канцеларија но сепак одлуката е поништена и состојбата се враќа во првобитна состојба што значи дозволата му е вратена но сепак го нема платено надоместок.

Г-дин Фетаи рече дека цело време размислува во насока да не се згреши, бидејќи кога некој човек инвестирал во радио не сака да згреши во одлуката која ќе ја донесе. Кога го слушнал образложението тогаш се прашува зошто и понатаму сопственикот инсистира да го задржи радиото ако не е во состојба да ги подмири основните обврски што ги има.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи д-р Андриана Скерлев Чакар објасни дека по оваа одлука, доколку Советот ја донесе, повторно радиодифузерот има право на жалба. Сега повторно размислуваат и прават напори околу уредната достава, каде и како да му ја достават одлуката. Агенцијата ќе ја објави одлуката во два весника и во Службен весник на РМ и тоа се големи трошоци на товар на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски праша, бидејќи Агенцијата ќе има одредени трошоци за објава на одлуката, дали и радиодифузерот односно сопственикот ќе има трошоци?

Г-дин Трајчевски одговори дека за објавата радиодифузерот ќе нема трошоци.

Г-дин Фиданоски рече доколку радиодифузерот бил сериозен во намерата да го задржи радиото, има поминато скоро две години без еден месец, 7 март 2016 година од откако е донесена одлуката на Советот за одземање на дозволата до денеска, можел да најде начин тој износ да го плати. Како што одела постапката кога поднел тужба во Управен суд, можел да дојде тука и да каже дека сака да продолжи со работа, ќе го плати надоместокот, ќе ги подмири трошоците и ќе продолжи со работа. Но ништо од тоа не е направено и практично мора Советот да донесе ваква одлука.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи д-р Андриана Скерлев Чакар објасни дека судот кажал дека е од формални причини а не навлегол судот во оценка на тоа дали треба или не треба. Доколку повторно вложи жалба спремни се повторно да ја достават целокупната документација, но повторно не е платена дозволата и не знае што судот може друго да одлучи.

Г-дин Петрушевски рече дека треба да се прилагодат на одлуките на судот, тие не треба да се коментираат и не може да се сменат и мора да постапат согласно фактичката состојба.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-35 од 01.02.2018 година и едногласно донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Мерлин ДООЕЛ Дебар, бр.08-97 од 05.01.2015 година, согласно со член 52 од Законот за управните спорови и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за поведување постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација. Објасни дека од страна на ТРД Канал 77 има пријава дека постои недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип. Во таа насока Агенцијата се обрати до сопственикот на радиото Иле Митов да достави изјава заверена на нотар дека наводите наведени во пријавата на Канал 77 се невистинити. Достави изјава но таа не беше заверена на нотар. Повторно е пратен допис со барање дека изјавата треба да биде заверена на нотар но во роковите кои му беа зададени се уште нема добиено одговор од страна на сопственикот на РА ЕНЏЕЛС. И од таа причина се предлага до Советот да се започне постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека укажувањата од ТРД Канал 77 беа дека

постои вонбрачна заедница помеѓу две физички лица а со оглед на тоа дека не постои официјален регистар во Република Македонија од каде што може да се констатира дали тој податок е точен или не, ниедна институција не води таков регистар, се консултирале и единствен начин на кој што можеше да се постапи е да се побара нотарски заверена изјава и од лицето на кои што се однесуваат тие тврдења но и од лицето кој што тврди односно ги изнесува тврдењата дека е запознаен дека постои таква ситуација. Информира дека до овој момент ниту од двете страни нема пристигнато нотарски заверена изјава за да тоа се смета за доказ. Сега се предлага поведување на постапка а каков ќе биде исходот не може да се предвиди. Во меѓувреме е стигнато и барање за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип каде што службите тоа барање го работата и испитуваат. Во таа насока сега предлогот е да се покрене постапката.

Г-дин Петрушевски рече дека на една од претходните седници Советот дискутирал на ваква слична тема. Барањето за одземање на дозвола и тогаш кажал и сега дека не е во согласност со Законот и дека може да се покрене постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација, ова што сега го прават. Ако се утврди дека постои, Советот повторно нема да му ја одземаме дозволата туку ќе му даде налог да ја отстрани недозволената медиумска концентрација. Барањето според него е претерано. Она што се бара од сопственикот да даде изјава дека е во вонбрачна заедница е навистина тешко барање кон него. Друго е брак кој полесно се докажува и не знае каков резултат од ова ќе произлезе. Тука е и фактот дека тие поднеле и барање за промена на сопственичка структура и постои можност да на тој начин се разреши проблемот. Во секој случај ова што е предложено е исправно и ќе го поддржи и треба да се започне со постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација иако ова ќе биде многу тешко и непријатно да се докаже.

Г-дин Фиданоски рече дека сака јавно да каже дека ќе го поддржи предлогот да се расчистат дилемите и истовремено рече дека не сака да изигруваат детективи од типот на Шерлок Холмс па да докажуваат дали некои луѓе живеат во каква и да е заедница. Се надева дека со оваа постапка ќе се расчистат сите дилеми и ќе нема пречки понатаму во работењето.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот бр.02-36 од 02.02.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено одговорно лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-5754/1 од 28.12.2017 година и едногласно донесе одлука за поведување постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај Трговското радиодифузно друштво ЕНЏЕЛС ФМ ДООЕЛ Штип, со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани. Објасни дека за овој радиодифузер Агенцијата од заинтересирана страна беше телефонски известена дека по завршувањето на Локалните избори лицето кое е основач и управител на телевизијата станал носител на јавна функција односно советник во

општината. За да се испитаат тие факти Агенцијата се обрати до Општинската изборна комисија но од тамо не е добиен одговор. Потоа со втор допис Агенцијата се обрати до ДИК но до денес ниту од двете изборни комисии не е добиен никаков одговор. Во меѓувреме стигна Барање за промена на сопственичка структура од самиот радиодифузер. Барањето е испитано тоа е уредно и комплетно и нема законски пречки да се одобри оваа промена. Побарана е согласност да истапи единствениот основач физичкото лице Благоја Ситновски и на негово место основач на телевизијата ќе биде Тони Ајтовски.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.02-21 од 02.02.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено одговорно лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-5754/1 од 28.12.2017 година и едногласно донесе одлука со која се дозволува промена на сопственичка структура на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени во сопственичката структура на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, да достави допис до Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, со кој ќе побара по извршената промена, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 6**

Советот на Агенцијата го усвои предлогот бр.05-547/3 од 02.02.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено одговорно лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-5754/1 од 28.12.2017 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Специјализирани обуки за ИТ.

Спроведувањето на горенаведената постапка е предвидена и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-514/2 од 26.01.2018 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

**Точка 7**

Советот на Агенцијата го усвои предлогот од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-465/3 од 01.02.2018 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-

услуга: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици .

Спроведувањето на горенаведената постапка е предвидена и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-514/2 од 26.01.2018 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за предметот на јавна набавка – услуга: Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Објасни дека досега во Агенцијата има пристигнато Барање од ТВ 24 Вести а дополнително стигна Барање и од ТВ 21 за распишување на конкурс за доделување на дозвола за емитување преку дигитален терестријален мултиплекс. За да се задоволи целата законска постапка Советот направи измена на Финансискиот план потоа на Планот за јавни набавки и сега доаѓа фазата кога треба да се распише набавката на која ќе се избере фирма која ќе ја изработи Студијата со која ќе се дојде до заклучок дали има или нема потреба за распишување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.

Г-дин Петрушевски рече дека за оваа точка има две дискусии. Бидејќи во материјалите пишува во еднина, го читал и Законот, постои можност во резултатот од Студијата да не биде само за една дозвола. Праша дали постои можност да има повеќе предлози за повеќе од еден медиум? Дали постои теоретска можност за тоа дали на пример може да се отворат две или три телевизии?

Г-дин Трајчевски одговори дека Агенцијата се обрати до операторот ОНЕ при што стигна одговор дека има технички можности и за повеќе од една телевизија.

Г-дин Петрушевски рече дека во Законот секогаш пишува во еднина а резултатот може да биде и во множина. Сака ова сега да се разјасни за да во иднина Советот не дојде во ситуација дека донел за една а службата нуди два предлога. Затоа ова сега да се разјасни, да нема дилеми и да биде јасно.

Г-дин Трајчевски рече дека однапред не може да се каже каков ќе биде заклучокот, може Студијата ќе покаже дека нема потреба, може ќе има потреба само од една или пак од три телевизии. Кога ќе се добие одговорот од Студијата тогаш треба да се постапи согласно резултатите кои ќе бидат наведени во неа.

Г-дин Петрушевски во врска со втората дискусија рече дека во самата техничка спецификација, во Точката 4 – Заклучоци и препораки, пишува дека во резултатите од анализата ќе биде јасно посочено дали има или нема оправданост за објавување на јавен оглас. Значи во ова јасно, замоли да се инсистира фирмата што ќе ја добие набавката во резултатот точно да напише до една, до две телевизии итн. Минатиот пат овој дел не бил јасен, затоа што имаше „може да се објави оглас за таква и таква телевизија и/ или..“, и потоа тоа требаше да се толкува. За да не дојдат до ситуација тие како Совет математика да прават што значи „и/или“, замоли да се инсистира кој и да ја добие јавната набавка, во неговите заклучоци да има јасна препорака, да не се остава можност Советот да толкува дали тоа значи една, две или три телевизии.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе реплицира на дискусијата на г-дин Петрушевски, без да му замери. Студијата треба да определи оправданост за одреден тип на формат, а нивно е после конкурсот колку ќе доделат. Како што кажал директорот г-дин Трајчевски, од ОНЕ има известување дека има можност да се додели повеќе од една. Одлуката на крајот е на Советот. Затоа смета дека не треба од Студијата да очекуваат да каже „може да отворите две, три или четири телевизии". Тие само определуваат ако има потреба каков тип на формат да се овозможи, па потоа одлуката е на Советот.

Г-дин Трајчевски, рече за да не настане недоразбирање, самата Студија ќе понуди ако има потреба од нова телевизија со каков формат и колку. Може да речат има потреба за телевизија со забавен формат и ние да распишеме конкурс за 10 телевизии, иако технички можеби има можност. Тамо се ќе биде наведено во Студијата, ќе има и економска анализа и анализа на состојбата, така што ќе има точен егзактен податок кој ќе посочи дека има потреба од телевизија со таков и таков формат, има потреба од телевизија со друг формат или ќе пишува нема потреба од распишување на конкурс за доделување на дозвола. Ќе има се точно наведено во самата Студија.

Г-дин Петрушевски рече дека и самата Студија ќе оди на Седница, односно Советот ќе ја разгледува. Затоа поучен од минатото, однапред препорачува да биде јасен заклучокот.

Г-дин Фетаи, рече дека во оваа фаза најважно е дека постои техничка можност, канали постојат што е објективна околност која не зависи од Советот. Второ, Советот одлучува дали да ја нарача Студијата поради конкретно барање, конкретна иницијатива. И од нив има сознание дека две телевизии се заинтересирани без да прејудицираат дали тие ќе ги земат дозволите. Од тие две телевизии го истакнал и минатиот пат има специфика затоа што едната телевизија емитува програма и на албански јазик и на македонски. Може би било соодветно во самата Студија да ги насочат тие што ќе го анализираат ова за два вакви формата. Ако излезе на пример во Студијата дека поради пазарот како што имаше во минатото за Кичево, па излезе во Студијата дека ќе се сруши пазарот во Кичево ако се отвори уште една телевизија што според него е многу субјективно. Праша дали ако Студијата излезе со резултат дека би се нарушил пазарот и дека во Македонија нема потреба и така постојат дебати, разговори дека има многу медиуми во смисла на можностите на рекламниот колач, дали тоа значи дека Советот нема да оди понатаму, нема да се објави конкурс?

Г-дин Трајчевски и Г-дин Петрушевски одговорија дека во тој случај нема да се објавува конкурс.

Г-дин Фетаи смета дека може со едно пропратно писмо или со нив да се разговара. Минатиот пат имал една идеја дека во Македонија нема телевизија за цртани филмови за деца на македонски. Праша дали не се дава таква нарачка затоа што нема такво конкретно барање? Идејата му е да не се биде ограничен во смисла на оние кои се заинтересирани бидејќи ги почитува, од причина кога бараат од кабел и сателит да одат на дигитален мултиплекс значи се развива пазарот. Значи тие добро функционираат, по него е позитивно, ќе има и повеќе вработувања од колку што имале сега. Не сака Советот и Агенцијата како регулаторот да се најдат во мат позиција.

Г-дин Трајчевски одговори дека агенцијата која ќе го добие јавниот повик ќе направи истражување на сите аспекти. Тоа не значи дека нема да препорача специјализиран формат како што нагласил за цртани филмови. Не се насочуваат само врз основа на барањето што ги доставиле овие две телевизии. Барањата можеби се за забавен формат ама Студијата може да покаже дека има потреба во Македонија од телевизија со специјализиран информативен карактер. Ни по Закон Агенцијата нема

право да се меша, фирмата ќе направи истражување на пазарот и ќе дадат нивно видување кое треба да биде базирано на факти. Потоа Советот ако покаже дека има потреба ќе распише конкурс согласно критериумите што ќе бидат утврдени од страна на Советот.

Г-дин Петрушевски рече дека би појаснил на г-дин Фетаи, кога Советот ќе го има резултатот од Студијата, следен чекор што треба да го направат ако биде позитивен, да распишат јавен конкурс. На конкурсот покрај овие две телевизии кои поднеле барање, може да конкурираат уште на пример 20. Никој нема да се ограничи, може да биде сосема нов субјект. Кој има подобра понуда ќе добие тој. Не може никој однапред да каже што ќе се случи. Постапката во оваа фаза ќе се тера и смета дека сега ќе се сработи подобро од минатиот пат кога имаше проблеми поради изборите и мораше да се прекине.

Г-дин Фетаи рече дека можеби и не е можно да има попрецизно бидејќи самата иницијатива и самата инвестиција како регулатор се прави поради барање на две заинтересирани страни и се надева дека барем на овие две барања ќе се добие одговор, односно ќе се добијат и повеќе одговори, практично комплетниот медиумски спектар, пејзаж во Македонија во каква состојба се наоѓа. Но смета дека треба барем тие да знаат дека има барање од две телевизии на некој начин да обрнат внимание на тоа, бидејќи ова истражување не се нарачува за да дознаат каков е медиумскиот пејзаж туку поради две конкретни барања.

Г-дин Петрушевски рече дека во спецификацијата, во воведот како опис, го пишува тоа што г-дин Фетаи го кажал дека има барање од две телевизии.

Г-дин Фиданоски рече дека минатата Студија што не така одамна се направи покажа дека има потреба од општ претежно образовен формат и формат со сите три функции истовремено. Тоа не значи дека истото ќе се повтори и овој пат. Студијата ќе покаже од каков формат има потреба и дали има потреба за отворање на јавен конкурс. Барањата од двата радиодифузери да се отвори постапка за изработка на студија, ја гледа како нивна сериозна намера да се вклучат во условно речено моделот на радиодифузерите кои што зрачат терестријално. Тоа не значи на конкурсот ако студијата утврди потреба, дека нема да се пријават и други заинтересирани така наречени „играчи“ во овој дел. Она што го кажал г-дин Фетаи околу специјализиран формат за цртани филмови или слично, колку што нему му е познато во регионот, пракса е такви субканали да ги отвораат тие телевизии што имаат дозвола на национално ниво што зрачат терестријално. Примерот со ТВ 21 на Косово и РТЛ од Хрватска покажува дека тие имаат отворено условно речено специјализирани субканали кои одат преку кабел во пакет.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот бр.05-557/3 од 02.02.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено одговорно лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-5754/1 од 28.12.2017 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.

Спроведувањето на горенаведената постапка е предвидена и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-514/2 од 26.01.2018 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година.

**Точка 9**

Разно.

Немаше точки под разно.

**Бр. 02-566/9**
**12.02.2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**